**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 30 јуни 2017 година

## Соопштение за печат

## Позначајни промени кај надворешниот долг, надворешните побарувања и меѓународната инвестициска позиција: прв квартал од 2017 година

**Нето надворешниот долг,** на крајот на првиот квартал од 2017 година, изнесува 2.782 милиона евра и забележа квартален раст од 112 милиони евра, при раст на јавниот и приватниот нето-долг за 84 и 28 милиони евра, соодветно. **Бруто надворешниот долг** на крајот на март 2017 година изнесува 7.781 милион евра и забележа квартално зголемување за 528 милиони евра, во најголем дел под влијание на репо-трансакциите[1] на Народната банка (во износ од 354 милиони евра). **Бруто надворешните побарувања** изнесуваат 4.999 милиони евра и бележат квартално зголемување за 416 милиони евра, исто така главно како резултат на обратните репо-трансакции на Народната банка (во износ од 382 милиона евра).

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција,** во текот на првиот квартал од 2017 година е зголемена за 201 милион евра и изнесува 5.933 милиони евра.

### Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија

| | 31.12.2016 | | 31.03.2017 | | квартална промена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **7.253,2** | **73,5** | **7.780,8** | **75,7** | **527,7** | **7,3** | **2,2** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***7.253,2*** | ***73,5*** | ***7.427,3*** | ***72,3*** | **174,1** | **2,4** | **-1,3** |
| Долгорочен долг | 5.657,6 | 57,4 | 5.730,8 | 55,8 | 73,2 | 1,3 | **-1,6** |
| Краткорочен долг | 1.595,5 | 16,2 | 2.050,0 | 20,0 | 454,4 | 28,5 | **3,8** |
| Јавен долг | 3.445,5 | 34,9 | 3.819,8 | 37,2 | 374,4 | 10,9 | **2,2** |
| Приватен долг | 3.807,7 | 38,6 | 3.961,0 | 38,6 | 153,3 | 4,0 | **-0,1** |
| **Бруто надворешни побарувања** | **4.583,4** | **46,5** | **4.999,2** | **48,7** | **415,8** | **9,1** | **2,2** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***4.583,4*** | ***46,5*** | ***4.617,2*** | ***44,9*** | **33,9** | **0,7** | **-1,5** |
| **Нето надворешен долг** | **2.669,8** | **27,1** | **2.781,7** | **27,1** | **111,9** | **4,2** | **0,0** |
| **МИП, нето** | **-5.731,6** | **-58,1** | **-5.933,0** | **-57,7** | **-201,5** | **3,5** | **0,4** |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2016 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 8.6.2017 година). Податокот за 2017 година е проекција на НБРМ.
Извор: НБРМ, ДЗС.

---

[1] При склучувањето на репо-трансакциите се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми") коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи се склучуваат истовремено, на нето-основа овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските, и на странат а на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

## *Бруто надворешен долг*

Бруто надворешниот долг на 31 март 2017 година изнесува 7.781 милион евра или 75,7% од проектираниот БДП за оваа година. Притоа, кварталниот раст на долгот од 528 милиони евра (или 7,3%), во голем дел го објаснуваат репо-трансакциите на централната банка во рамки на управувањето со девизните резерви (354 милиони евра). Доколку се исклучи нивниот ефект, бруто надворешниот долг е зголемен за 174 милиони евра. Натаму, овој раст речиси во целост се должи на растот на приватниот долг за 153 милиони евра, додека јавниот долг бележи зголемување за 21 милион евра (со исклучен ефект од репо-трансакциите).

Растот на јавниот долг (без репо-трансакциите) е сконцентриран кај секторот „држава" (за 30 милиони евра, главно заради зголемените пазарни цени на домашните еврообврзници), додека јавните претпријатија и банки бележат намалување на долгот за 9 милиони евра. Што се однесува на приватниот долг, зголемување има кај обврските на капитално поврзаните субјекти (за 118 милиони евра) и небанкарскиот приватен сектор (за 61 милион евра), наспроти намалувањето на долгот на приватните банки (за 26 милиони евра).







Извор: НБРМ.

## *Бруто надворешни побарувања*

На 31.3.2017 година бруто надворешните побарувања достигнаа 4.999 милиони евра, односно 48,7% од проектираниот БДП за оваа година.

На квартална основа, побарувањата од нерезидентите се зголемени за 416 милиони евра (или 9,1%), додека со исклучен ефект од обратните репо-трансакции на централната банка, побарувањата од нерезидентите се зголемени за 34 милиони евра, при зголемени побарувања кај приватниот сектор (за 125 милиони евра) и намалени побарувања кај јавниот сектор (за 92 милиони евра).

Зголемувањето кај приватните надворешни побарувања произлегува од зголемените побарувања на небанкарскиот приватен сектор (за 102 милиона евра) и на капитално поврзаните субјекти (за 95 милиони евра), во услови на намалување на побарувањата на приватните банки (за 71 милион евра).







Извор: НБРМ.

## *Нето надворешен долг*

Во првиот квартал од 2017 година, нето надворешниот долг е зголемен за 112 милиони евра (4,2%), како резултат на поизразениот раст на бруто-долгот во однос на растот на бруто-побарувањата. Нето надворешниот долг, на 31.3.2017 година, достигна износ од 2.782 милиона евра или 27,1% од проектираниот БДП за оваа година. Приватниот нето-долг и натаму има позначајно учество во вкупниот нето-долг од 58,3%







Извор: НБРМ.

## *Меѓународна инвестициска позиција, нето*

На крајот на прviот квартал на 2017 година, негативната нето МИП достигна 5.933 милиони евра, или 57,7% од проектираниот БДП. Нето-обврските врз основа на директни инвестиции и понатаму претставуваат најзначаен дел (81,1%) од негативната нето МИП, при што сопственичкиот капитал учествува со 73,8% во вкупните нето-обврски врз основа на директни инвестиции.

Кварталниот раст на негативната нето МИП произлегува од поизразениот раст на обврските (за 635 милиони евра) во однос на средствата (за 434 милиони евра).

Гледано по инструменти, кварталниот раст на нето МИП од 201 милион евра произлегува од приближниот раст на нето-обврските врз осно ва на должнички и сопственички инструменти (за 112 и 89 милиони евра, соодветно).







Извор: НБРМ.

## *Придружни информации*

Временски серии податоци – годишни и квартални податоци за бруто надворешниот долг и бруто надворешните побарувања:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatotsi6b5c8e8e.nspx

Временски серии податоци – годишни и квартални податоци за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatotsi6a1d834a.nspx

Квартални информации за бруто надворешниот долг, бруто надворешните побарувања и меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-informatsii.nspx

Методолошки појаснувања за бруто надворешниот долг и побарувања:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatotsi6b5c8e8e.nspx

Методолошки појаснувања за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatotsi6a1d834a.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување на податоците:
http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Квартален бруто надворешен долг, бруто надворешни побарувања и меѓународна инвестициска позиција: 30 септември 2017 година (референтен пресек заклучно со јуни 2017 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).